**РЕЦЕНЗИЈА**

**НА ТРУДОТ „ МЕЃУНАРОДНО СУДСТВО”**
**од**
**Проф д-р Светлана Вељановска**
**Проф д-р Никола Тунтевски**

Трудот под наслов „ МЕЃУНАРОДНО СУДСТВО”, од авторите Проф д-р Светлана Вељановска и Проф д-р Никола Тунтевски, содржи основен текст систематизиран во девет глави и Библиографија (странски и домашни библиографски единици, законски прописи, извештаи и електронски извори).

Трудот е компјутерски изработен, при што структуралните делови се правилно сигнирани и распоредни, меѓусебно поврзани и адекватно пропорционални поставени.

1.Основниот текст на трудот е систематизиран во девет делови, при што секоја глава има своја внатрешна систематизација која овозможува преку насловите и поднасловите да се препознае секој тематски концепт и се овозможува лесен начин на читање и користење.

1. **Првата глава** - е насловена како **Општи напомени**, претставува воведен наратив со експлицитна форма на изразување.
Во првиот дел на научно фундиран начин ги дефинира основните поимувања на судската власт, функција и судот како јавна служба.
Во вториот дел, како клучни посебности се обработени фундаментите на судското право во контекст на заштита на човековите права и слободи како основни државно-правни постулати, обврски на државата за обезбедување на основните слободи и права, потенцирајќи го правото на еднаков пристап пред суд, правото на правично судење, правото на независен и непристрасен суд, правото на „природен судија и правото на судење во разумен рок.
Третиот дел преку теоретскиот дизајн, суштински и систематично го заокружува со Еволуцијатана судот и судењето, појава на идејата за суд и сосема логично апострофирање на судот како орган на државата и улогата во современата правна држава со зададената надлежност.

2. **Втората глава - Општо за меѓународното судство** започнува со Меѓународното судство како реалност, потенцирајќи ги Меѓународните правни акти.
Во третиот дел даден е осврт на Меѓународните стандарди за независност и непристрасност на судот, со потенцирање на правото на судење во разумен рок според ЕКЧП.
Понатаму се набројуваат суштинските посебности на Основата и остварувањето на правото на судење во разумен рок, правото на судење во разумен рок во однос на кривичната и граѓанската постапка. На крајот се нагласени критериумите за оценување на должината на постапката, факторите кои влијаат на одовлекување на постапката и суштината на дејството на одлуките на ЕСЧП.

3. **Во третата глава - Класификација на меѓународните судови**, фокусот е насочен кон интернализиација на судовите со детален опис на нивната содржина и функционалност.
Во првиот дел се дефинирани Универзалните и регионални судови.
Вториот дел елаборира сет на судови , со посебно внимание на Судовите за решавање спорови и кривични судови, судовите за решавање спорови и Меѓународните кривични судови.
Третиот дел дава осврт на Судовите од општа надлежност и специјализирани судови, Постојаниот суд за меѓународна правда, Меѓународниот суд на правдата, Регионалните судови на правда, други судови од општа надлежност, специјализиран, Судовите за човековите права, Европскиот суд за човекови права, Американскиот суд за човекови права, Африканскиот суд за човекови права, Управните (административни) судови и други специјализирани судови.
Четвртиот дел дава приказ на Судовите за државите и други судови.
Петтиот дел ги опишува Институционализираните меѓународни судови и избрани судови (арбитража) а во шестиот дел ги третира Постојаните (институционализирани) и привремени (ad hoc ) судови.
На крајот се зборува за Меѓународните судови во вистинска смисла и мешани судови и Судовите во рамките на меѓународни организации и други меѓународни судови, судовите формирани од држави, меѓународни организации и оние формирани од држави и меѓународни организации, со своите посебности.
Во Десетиот дел клучен акцент е ставен на Меѓународните судови и квазисудски тела, Договорни тела и други квази-судски тела.

4. **Четвртата глава - Меѓународен суд на правдата,** ги проучува и детектира општите напомени, надлежноста, составот и организација на судот со осврт на постапката и судската пракса.

5. **Во Петтата глава- Меѓународни кривични судови** , станува збор за Меѓународниот кривичен суд, општите напомени и надлежност и постапка.

Вториот дел ги опфаќа карактеристиките на Меѓунардниот кривичен трибунал за поранешна Југославија (МКТЈ), општите напомени и надлежност и постапка.

6. **Во Шестата глава - Европски суд за човекови права,** детално е разработена целокупноста, посебностите, доктрините, правилата за постапката вклучувајќи ја и одговорноста како исклучиво важен сегмент.

Особено е нагласено прашањето на одговорност на националните судии за прекршување на обврската согласно член 234 од Договорот за ЕЗ**,** постапките, извршувањето на пресудите на Европскиот суд за човекови права со оштите напомени и мерки за извршување на конечни пресуди на Европскиот суд за човекови права.

Последниот дел го апострофира значењето на дисеминација на донесената пресуда, наплата, висина и мерки со потенцирање на надзорот над спроведувањето на мерките за извршување на судските пресуди.

7. **Во Седмата глава - Меѓународна арбитража** детално е наведен концептот и видовите на арбитража во меѓународното јавно право, видовите со осврт на потеклото и развојот на меѓународната арбитража, преку историска ретроспектива од периодот на Првата светска војна до денес.

Во делот три се дефинирани Правилата на меѓународната арбитражна постапка, видовите на постапување и правните лекови против меѓународна арбитражна одлука.

Во четвртиот дел прецизно се обработени процесните десјтвија како толкувањето, исправката, ревизијата, жалбата, поништување на пресудата.

Во петтиот дел е обработен Постојаниот арбитражен суд со своите особености и карактеристики, решавање, структура и модели.

Шестиот дел ја опфаќа Меѓународната комерцијална арбитража со истакнување на причини за поништување на арбитражните одлуки.

Во шестиот дел посебно место е посветено на значењето на Меѓународни извори на арбитражното право, Законот за арбитража на УНЦИТРАЛ од 1985 година и Европската конвенција за меѓународна трговска арбитража од 1961 година.

8. **Во Осмата глава - Судење во разумен рок,** член 6 параграф 1 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи темелно е разработена суштината на насловот со општи напомени.
Посебно е истакнато значењето на членот 6 став 1 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи - поим „разумно време“ и влијанието на критериумите за утврдување на „разумно време“, вклучувајќи ја и презумпцијата на невиност и Европскиот суд за човекови права .
9. **Во Деветтата глава:Понатамошен развој на меѓународното судство** дефинирани се општите напомени, со нагласување на зголемување на бројот и видовите судови, признавање од страна на државите и потребата од реформа на постојните судови.
Делот два и три ги апострофираат проблемите и перспективите на меѓународното судство.

Во трудот „ **Меѓународно судство** ”, Проф д-р Светлана Вељановска и Проф д-р Никола Тунтевски, обработуваат извонредно современа и актуелна тема, посебно поврзана со остварувањето на државните стратегиски интереси во судството.
При изработката на трудот, авторите користеле богата и релевантна литература, домашна и странска, со користење на продлабочени истражувања на значајни документи, нормативни акти и следење на најновите трендови и практики.
Со тоа, во значителен обем, авторите придонеле кон приближување на теоретските и практичните аспекти во однос на Меѓународното судство.
Во овој контекст значајно е да се нагласи фактот дека трудот дава придонес и во насока на дефинирање на суштинските посебности на судството и појавните модалитети во целина.
Трудот методолошки, јазички и терминолошки ги задоволува критериумите за изработка на научни трудови од ваков вид.
Материјата во трудот е презентирана избалансирано, според логичен редослед, врз основа на индукција и дедукција, при што ставовите на авторите се презентирани на едноставен начин и разбирлив наратив.
Од сето изнесено, може да се истакне дека трудот е резултат на самостојна научна работа и претставува придонес за развојот на демократските процеси, јакнење на легитимитетот и кредибилитетот на институциите во системот на судската власт, со силна нота на интернационализација на судството, неговите карактеристики и значења.

По својата опфатност, проблемите што ги разгледува, начинот на нивно анализирање и изложување овој труд претставува исклучително значаен, го одликуваат хармонизиран спој на научна експликативност и педагошка методичност.
Благодарение на сето тоа, овој ракопис со своите увиди, толкувања, објаснувања претставува исклучително богат труд, што освојува не само со својата информираност, аналитичност и енциклопедиска ерудација на авторите, туку и со свежината, разновидноста и богатството на тематските толкувања.
Делото е засновано на огромен изворен материјал и обемна фундирана литература, крос референтно дизајнирана и со изразена доза на разбирливост и едноставност.
Текстот поседува исклучителна читливост и комуникативност, нагласена јаснотија на излагањата, стилската воедначеност и јазичната едноставност.
Заради тоа текстот го освојуваат вниманието на читателот.
Од тие причини, препорачувам побрзо печатење на овој труд, со цел македонските граѓани и судскиот систем да се запознаат со неговата благородна цел, добивање на реална функционална вредност и значајно место во академската научна мисла и високо образовниот систем во кревкото македонско општество.

**Рецензент на трудот**

**Проф. д-р.Љупчо Сотироски**